# МОРТАЛИТЕТ ОД МАЛИГНИ НЕОПЛАЗМИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

Малигните неоплазми со учество од 20-25% се наоѓаат на второ место по причина за смрт во развиените земји во светот, веднаш по кардиоваскуларните болести, кои пак учествуваат со околу или над 50% во структурата на морталитетот. Ракот во моментот е одговорен за речиси еден од шест смртни случаи на глобално ниво. Секоја година кај повеќе од 14 милиони луѓе се дијагностицира рак, и оваа бројка се очекува да се зголеми на повеќе од 21 милиони до 2030 година.

Во Р. Македонија после болестите на циркулаторниот систем малигните неоплазми се втората најчеста причина за смрт. Во 2010 година од рак умреле 3705, а во 2016 година 3882 лице, додека стапката на морталитет се движи од 180,3 на 100000 население во 2010 година до 187,3%000 во 2016 година.

**Дијаграм 1: Стапка на морталитет од малигни неоплазми во Република Македонија, 2010 - 2016 година**




Извор: Институт за јавно здравје

Според пол, во 2010 година бројот на умрени мажи од малигни неоплазми е 2218 со стапка од 215,4 на 100000 мажи, а бројот на умрени жени 1487 со стапка од 145,1 на 100000 жени. Овој број во 2016 година кај машката популација е 2292 со стапка од 220,8 %ооо, а кај женската популација овој број изнесува 1590 со стапка од 153,7 %ооо.

**Дијаграм 2: Стапка на морталитет од малигни неоплазми по пол во Република Македонија, 2010 - 2016 година**




Извор: Институт за јавно здравје

## Најчести примарни локализации на малигни неоплазми

Кај мажите најчеста причина за смрт од малигни неоплазми во периодот 2010-2016 година е малигната неоплазма на бронх и бел дроб со стапка на морталитет која се движи од 64,8 во 2010 година до 66,9 во 2014 година и 67,7 на 100000 мажи во 2016 година.

**Дијаграм 3: Стапка на морталитет од малигна неоплазма на бронх и бел дроб во Република Македонија кај мажи, 2010 - 2016 година**




Извор: Институт за јавно здравје

Кај жените најчеста причина за смрт од малигни неоплазми во периодот 2010-2016 година е малигната неоплазма на дојка. Стапката на морталитет се движи од 30,0 во 2010 година до 32,7 во 2016 година на 100000 жени.

**Дијаграм 4: Стапка на морталитет од малигна неоплазма на дојка во Република Македонија кај жени, 2010 - 2016 година**




Извор: Институт за јавно здравје

**Подготвил:**
**Сектор за промоција, анализи и следење на незаразни болести**